Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МКЦ Младински Културен Центар - Битола

Битола, 30.09.2025

**ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТИЛНИЦА ЗА ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НОВИНАРИТЕ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025**

Потребно е проширување на законската регулатива и изнаоѓање на дополнителни механизами со кои ќе се регулира политичкото рекламирање на кандадати за избори пред почетокот на изборната кампања, и тоа на социјалните мрежи преку нивни лични и партиски профили, интернет блогови, па и онлајн- поратли кои не ги почитуваат кодексите и повелбите за професионално известување. Вакво барање произлезе од новинарите и другите медиумски работници, како и претставници на невладиниот сектор кои на 29 септември 2025 година, кога отпочна изборната кампања за локалните избори 2025 година, присуствуваа на работилницата за градење на капацитети на новинарите и претставниците на медиуми одржана во Младинскиот културен центар во Битола.

На работилницата присуствуваа дваесетина новинари, камермани, други медиумски работници кои известуваат за Битола и Преспанско-пелагонискиот Регион, како и НВО активисти. Меѓу присутните имаше активни новинари, но и пензионирани со долгогодишно работно искуство, кои во минатото биле вклучени во изработката на Кодексот на новинарите на ЗНМ, со цел да се направи споредба на сегашните состојби со оние од претходно и да се донесат соодвтени заклучоци за нивно подобрување.

Пред новинарите со презентација настапи м-р Жанета Здравковска, долгогодишен новинар и координатор на ЗНМ за Битола и Прилеп, која се осврна на досега најдолгата листа со кандидати за градоначалници и советнички листи за избори во Битола. Таа зборуваше и за упатствата на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (АВМУ) за платеното политичко рекламирање и распределбата на времето за известување на кандидатите за избори во вестите, понатаму за квалитативното и квантитативно мерење на избалансираното известување од страна на АВМУ, Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на избори, Кодексот на новинарите на ЗНМ, Прирачникот за известување при избори на ЗНМ и Повелбата за етичко известување на Советот за етика на медиумите во Македонија.

За време на презентацијата и по неа се разви плодна дискусија околу тоа дека политичките и независните кандидати за локалните избори, нивните кампањи преку објава на средби со граѓани, најава на проекти и други активности ги започнаа уште пред почетокот на изборната кампања. Беше укажано дека традиционалните медиуми и порталите од Регистарот на професионални онлајн медиуми, се придружуваат до начелата за професионално, објективно, избалансирано известување, но, на социјалните мрежи зачестено се појавуваат групи граѓани или блогови кои се доста влијателни со големиот број следбеници, а известуваат навивачки за или против одредени кандидати. Тие се без импресум, а некои се креирани од лица вработени во државни институции и на тој начин создаваат една сива зона во новинарството, неконтролирана и нелојална конкуренција на професионалните медиуми. Новинарите побараа во иднина да се изнајдат механизми и начелата за транспарентното сопственишто и етичко известување да важат за сите.

„Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" е проект спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

Беа начнати и темите за тешката финансиска состојба на медиумите, недостигот на силни локални и регионални медиуми, незаинтересираноста на некои од државните институции да ги пласираат информациите преку медиумите, туку на фесјбук, но и загрижувачката тенденција во некои медиуми да не се пренесуваат информации кои се од јавен интерес доколку институцијата не плати како за реклама.

На крај медиумските претставници заклчија дека неопходни се повеќе вакви работни средби каде ќе можат да дискутираат за проблемите во нивниот еснаф и заедно да изнаоѓаат решенија за подобрување на состојбата. Работилницата се одржа во рамки на проектот „Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" спроведуван од Младински културен центар – Битола со субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија.

Младински културен центар – Битола

*************************************************************************

„Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" е проект спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.